РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3556/1
03-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-3556/1 од 23.09.2021 година, против ------------------------------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-3556/1 од 23.09.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 23.09.2021 година, поднесена е пријава против ------------------------------------------------------------ и оформен е предмет број 12-2952/1 од 02.09.2020 година.

Во пријавата се укажува дека иако има законска можност, ------------------------------------ никогаш не пренел свои овластувања на државните советници, по изговор дека станува збор за тимска работа, а се наведува дека со тоа се спроведува коруптивна и навредувачка политика од негова страна. Имено, на тој начин моќта на одлучување била сконцентрирана кај избраните и именувани лица а не кај професионалците согласно систематизација. На советниците и државните советници има биле давани исти работни обврски иако тоа не било согласно систематизација. На крај се наведува дека неговите заменици, секретарки и други лица се мешале во работата на генералниот секретар кој треба да се грижи за работата на службите.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани конкретни наводи кои упатуваат на злоупотреба на службената положба или овластување од страна на пријавеното лице, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk